Врз основа на чл. 483 од Законот за трговски друштва (Сл. Весник бр. 28/04 – 120/18), чл. 19 став 2 точка 4 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник бр. 38/96 – 89/22) и чл. 26 став 1 алинеја 2 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило и Мислење од Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско, бр. 02----/3 од 15.04.2024 год., Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило, на Седницата одржана на ден 16.04.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за покривање на загубите на ЈП Паркови и зеленило за 2023**

**член 1**

Загубата за 2023 година, во висина од 119.437.934,00 денари да се покрие во текот на 2024 година на товар на акумулирана добивка во износ од 100% или 36.840.940,00 денари и дел на товар на задолжителни општи резерви во износ од 95% или 26.653.326,00 денари, и остатокот од 55.943.668,00 денари во идни години.

**Член 2**

Управниот одбор одобрува оваа одлука да се достави до основачот и да се објави на веб страната на претпријатието. Се задолжуваат директорот и стручните служби на претпријатието за спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката вчегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 484 од Законот за трговски друштва, покривањето на загубите се врши редоследно: од акумулирана добивка; на товар на задолжителна општа резерва; и тн. Од претходни години претпријатието има акумулирана добивка и задолжителни општи резерви од кои делумно може да се покрие загубата за 2023 година. Поради тоа покривањето на загубата од член 1 на оваа одлука ќе се спроведе дел на товар на акумулираната добивка и законски дел од задолжителна општа резерва во вкупен износ од 63.494.266,00 денари и остатокот од идни години. Поради наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено:
- архива
- сметководство
- осcновачот
- директор
- Управен Одбор

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**м-р Ивица Заркадов**